## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6008 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на*
   - *правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот врз известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Алфа во текот на осмиот извештаен период (од 11 до 20 ноември 2016 година) беше реализиран врз десет изданија на Вестите од 17:30 часот.

Анализирани беа прилози со вкупно времетраење од 4 часа 3 минути и 20 секунди, од кои 3 часа 26 минути и 43 секунди се вообличени во некој од информативните жанрови: извештаи – некои од нив коментаторски, вести, соопштенија, изјави, (Табела 1), а коментарите зафаќаат 36 минути и 37 секунди. Телевизијата ја задржува својата одлика да информира за локални информации од Охрид, Кочани, Тетово, Ресен, Битола, Прилеп, Штип.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:14:32 | 7,03 | % |
| Други субјекти | 00:45:19 | 21,92 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:56 | 5,29 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:26:51 | 12,99 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:35 | 12,38 | % |
| СДСМ | 00:13:34 | 6,56 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:41 | 8,55 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:41 | 5,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:20:17 | 9,81 | % |
| Без субјекти | 00:08:24 | 4,06 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:42 | 1,79 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:17 | 0,14 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:17 | 0,14 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:17 | 0,14 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:17 | 0,14 | % |
| ГДОМ | 00:00:49 | 0,40 | % |
| Привремена комисија | 00:00:51 | 0,41 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:23 | 0,19 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:57 | 0,94 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:47 | 0,86 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:00 | 0,48 | % |
| Судство | 00:01:16 | 0,61 | % |
| **Вкупно:** | **03:26:43** | **100** | **%** |

Повторно, најголемиот дел од прилозите се однесуваат на активности на лица, фирми, организации и сл., кои ја градат разноликата категорија *„други субјекти"*: Сорос, „Еурокомпозит", НБРМ, „ФЦП Технопласт", гласот на Америка на македонски, The Hill, „Али Експрес", „Трговски центар"- интернет трговија, туристички работник од Охрид, Јашари Абдул, Регулаторна комисија за енергетика, „ТАВ Македонија", Стопанска комора, Групација на пазари при СК, "Вечер", "Дневник", адвокати, музеј „Куќата на Татарчеви", медиуми, „Систина", производител на јаболка од Седларце, „Си-Ен-Џи системс", „Филип Втори", Народен правобранител, ОКТА, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Сојуз на стопански комори, Анѓелко Лозановски – писател, „Стара фурна" – Прилеп, комора на извршители, Александра Мијалкова – примабалерина, Народен правобранител, The Caller, Филип и Александар – лица со попреченост и др.

Следни се прилозите за активности на органите на државната управа, па на личностите од категоријата *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари"*, кај која има и неколку прилози поврзани со односите меѓу Грција и Македонија (прилог за ставот на грчкиот претседател Павлопулос и на Марк Барнс) и посетата на претседателот на САД Барак Обама во Атина (од аспект на ставот на Павлопулос).

Наредни по застапеност се прилозите за активностите и ставовите на организациите од граѓанскиот сектор.

Следуваат прилозите за активностите на ВМРО ДПМНЕ, меѓу кои има неколку во кои странски политичари даваат поддршка за победа на ВМРО ДПМНЕ на изборите.

За Владата, се информира за редовните активности, но има и извештаи со позитивна рамка за нејзините политики и резултати, како на пример: на 12 ноември „Камен темелник на „ФЦП Технопласт" – македонска компанија ќе отвори нови 200 работни места" (3 минути и 3 секунди); на 15 ноември „Миноски: Бизнисот задоволен од соработката со институциите" (1 минута и 4 секунди); на 16 ноември „Спасов: Со декемвриското покачување просечната пензија ќе биде 13.750 денари" (55 секунди); на 17 ноември „Почна откупот на тутунот, се очекуваат повисоки цени" (1 минута и 37 секунди), „Македонска Каменица добива центар за деца со пречки во развојот" (56 секунди); на 18 ноември – извештај од јавна дебата за реформи во средното образование, неозначен со телоп (2 минути и 26 секунди).

По временската застапеност следуваат извештаи за активностите и ставовите на СДСМ, а оваа партија доста се третира и во аналитичките жанрови (опишано понатаму во Извештајов).

Квантум информации од над 10 минути има и за ставовите на експертите и аналитичарите, како и за активностите на ДИК при подготовката на изборите.

Што се однесува до другите политички субјекти, по неколку секунди информации има за НДМ, ДУИ, Коалицијата ВМРО за Македонија, Коалицијата за промени и правда и ДПА.

Во информативните жанрови, два субјекти добиле повеќе од 10 минути за директни обраќања - „*другите субјекти*" и ВМРО ДПМНЕ (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:09:03 | 12,51 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:11 | 3,02 | % |
| Влада на РМ | 00:05:38 | 7,79 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:14 | 15,53 | % |
| СДСМ | 00:04:30 | 6,22 | % |
| Други субјекти | 00:16:05 | 22,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:43 | 6,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:14 | 12,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:40 | 7,83 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:52 | 2,58 | % |
| ГДОМ | 00:00:38 | 0,88 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:23 | 0,53 | % |
| Привремена комисија | 00:00:45 | 1,04 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:24 | 0,55 | % |
| | **Вкупно: 01:12:20** | **100** | **%** |

Тонот и рамката на ТВ Алфа кон различните субјекти, се пренесени во коментари и коментаторски извештаи.

На 11 ноември, ТВ Алфа се навраќа на изјавата на Зоран Заев, дадена во емисија за ТВ 21, во коментарот „Каракамишева: Опасна политичка игра е редефинирање на Уставот кој задира во етничките права на заедниците" (2 минути и 36 секунди) со негативна рамка за Заев. Во прилогот најпрвин се повторува дека Заев најавил измена на Уставот што предизвикало „лавина реакции кај граѓаните" кои го критикуваат

бидејќи задира во етничките права на граѓаните и „се згрозени од најавите, како што рече Заев, дека било грдо лицето на Македонецот" и оти не е важно ако изгуби гласови од Македонците. Следува анкета со граѓани кои имаат негативен став, а потоа се емитува ставот на универзитетската професорка Тања Каракамишева која вели дека Заев „се расфрла со тези" за да добие поени за себе и својата партија, а не за македонските граѓани, дека „постојано става мини на сите политички столбови врз коишто е изградена државата", дека за него не е битно дали Македонија „ќе биде република или федерација, за него не е проблем какво знаме ќе има државата, бидејќи СДСМ, на некој начин, го продаде знамето".

Малку потаму во вестите, се емитува уште еден коментар „Нов револт во СДСМ – партиски функционери разочарани од Заев" (1 минута и 25 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ и СЈО. Мотивот за прилогот се „жестоките реакции од партиски функционери, членови и симпатизери на СДСМ, членови на граѓански здруженија, нивни приврзаници" поради потпишувањето коалициски договор на СДСМ со Српската напредна странка на Драгиша Милетиќ. Се пренесуваат негативните ставови од Фејсбук профилите (илустрирано со скрин шотови) на Ана Павловска Данева, Весна Бендевска, Ивор Мицковски, Ленче Николовска, Нора Шаќири Марковиќ, Алек Гочев, Дејан Тодоровски. Медиумот, референрајќи на ставот на Ленче Николовска вели дека таа „во состојба на врвна паника синоќа, јавно адресираше уште една нарачка на СДСМ до СЈО. 'Време е за настап на СЈО', напиша Николовска. Партијата на Заев, очигледно го гледа СЈО како спас од ситуацијата во која се наоѓа партијата меѓутоа, ова е првпат, високо официјално лице на партијата јавно, на Фејсбук, да упатува нарачки до СЈО, со една од нивните прес-конференции да се обидат да ја дефокусираат јавноста од внатрешните проблеми на СДСМ".

Подолу во вестите се емитува коментар „Шарена револуција" и во Америка – Трамп се закани жестоко ќе се пресметува со Сорос" (3 минути и 18 секунди) во кој се прави паралела меѓу ситуацијата во САД и во Македонија, со негативна рамка за опозицијата, „Шарената револуција" и УСАИД. Најавата гласи: „Македонско сценарио на улиците на САД. Запалени контејнери, искршени излози, илјадници луѓе на улица. Но, сето ова веќе го видоа македонските граѓани. Изборот на Трамп за претседател ги активира соросовите структури и почнаа со организирање на обоена револуција". Во прилогот се вели дека е познато оти Џорџ Сорос е „поддржувач на демократите и еден од главните финансиери на фондацијата на Хилари и Бил Клинтон", а дека во повеќе градови во САД се случуваат „насилни протести какви што се случуваа во Македонија од страна на приврзаниците на опозицијата". Се тврди дека тоа се протести организирани од невладините организации „кои се под контрола на контроверзниот бизнисмен Сорос... се однесуваат како соросовите организации во Македонија – не ја признаваат волјата на граѓаните и убедливата победа на Трамп". Се вели и дека „се чини македонското сценарио се повторува во Америка. Исто како денеска во САД, во Македонија веднаш по изборите во 2014 години, соросовите структури почнаа со организирањето на обоената револуција. Во периодот што следуваше, опозицијата ги лансираше т.н. „бомби" по кои почнаа протестите финансирани од Сорос. Овие протести кулминираа со т.н. „Шарена револуција" која во главниот град на Македонија нанесе милионски штети", „освен од Сорос, овие активности беа финансирани и од американската државна агенција УСАИД, за која Доналд Трамп најави дека целосно ќе и го скрати буџетот за вакви активности".

На 13 ноември, во прилогот означен со два телопи „Остри критики во „The Hill": Јанева не работи во интерес на народот, политичките испади сè потешко се прикриваат" и „Непрофесионалноста на Јанева сè почесто се критикува и надвор од Македонија, по ГРЕКО и The Hill" (3 минути и 36 секунди), се пренесува колумната на поранешен амбасадор на САД и заменик - портпарол на Стејт департментот Адам Ерели, во која има негативна рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева. Според Ерели, Јанева ја „злоупотребува својата моќ и ја дискредитира оваа институција, како и довербата на јавноста која со заклетва се обврза да ја брани"; „го оцрнува целиот судски систем превземајќи го законот во свои раце"; „да се биде независен обвинител за Јанева значи да се отпуштат двајца заменици - обвинители, кои, наводно, одбиле да ја следат нејзината политичка волја. Тоа претставува закана за граѓаните на Република Македонија или, според локалните извештаи, тоа значи дека таа се обидува да ги поткупи во давање лажни изјави за други официјални претставници. Уште повеќе, таа вработува свои роднини со аргумент дека со тоа го зајакнува

нејзиниот тим, што значи дека владата исплаќа плати на членовите на нејзиното семејство. Наместо да постапува според закон Јанева ја претставува корупцијата против која би требало да се бори". На крајот, медиумот вели дека ова е втора критика за Јанева од странски експерти и се наведува оти претседателот на ГРЕКО Марин Мрчела ги осудил методите на СЈО, и како поддршка на тврдењето се емитува негова изјава дадена за ТВ Нова.

Во наредниот прилог се пренесува коментарот од Фејсбук статусот на професорот Љубомир Цуцуловски „Цуцуловски: Откако ја распарчи СДСМ, Заев да биде избран за претседател на ВМРО ДПМНЕ" (1 минути и 44 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Најавата за прилогот гласи: „Откако го распарчи СДСМ, Заев да биде избран за претседател на ВМРО ДПМНЕ за да види што е цврста, моќна партија, предлага во својот коментар професорот Љубомир Цуцуловски". Во коментарот, професорот вели дека „промената на ставовите, зачудувачките персонални промени, збунувачките коалиции и бесмислените и небулозни предлози за промена на Уставот сосема ја обезличија партијата" така што има членство и симпатизери, но практично не постои партијата. „Од друга страна ВМРО ДПМНЕ просто заплашува со својата организираност, цврстина и ултимативно спроведување на централните одлуки" и таа функционира по правила на илегална партија. „Зоран Заев треба да биде примен во ВМРО ДПМНЕ за да може СДСМ да се возобнови".

На 14 ноември, Телевизијата го емитува преземениот/симулиран коментар „Весникот „Вечер" објави уплатница каде се гледа дека Катица Јанева уплатила членарина за СДСМ" (1 минута и 54 секунди) со негативен тон и рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева и СДСМ. Во написот е објавена уплатница за која се тврди дека е доказ оти обвинителката Катица Јанева пред да дојде на сегашната позиција уплатила сума со која го верификувала членство во СДСМ. Се потсетува на написот од „Дневник" во кој беше објавена фотографија од членска книшка од СДСМ за која се тврдеше дека е на Јанева. Се вели дека „дел од членовите на семејството на обвинителката се активни во партијата на Заев, но и дел од вработените во СЈО". Алфа побарала став од СЈО, на што обвинителката Ленче Ристовска ги упатила да се обратат писмено, а до објавувањето на вестите не бил добиен одговор.

Подолу во вестите, медиумот прави анализа на изборниот механизам во дијаспората „Шест и пол илјади за еден пратеник, 19 и пол илјади за тројца со гласови од дијаспората" (2 минути и 25 секунди) при што е консултиран Александар Новаковски, поранешен претседател на ДИК.

На 15 ноември, пред прилогот за реакцијата на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, за емитувањето рекламни спотови нарачани од Сорос, а со политичка порака, има најава со негативен тон за невладините организации и за членови на Привремената комисија, која гласи: „Дел од медиумите се обидоа да протуркаат видео спотови со политички пораки спонзорирани од т.н. невладин сектор. Оваа македонска класика секако подразбира дека истите тие антивладини организации се на платниот список на Сорос. Реагираа и членовите на Ад-хок телото и побараа да се прекине со спотовите или ќе следи казна. Ќе го искористат и моментот за да јавно ги демаскираат и мотивите на еден член на истото тоа тело, директно поврзан со соросовите фондации" (28 секунди). Потоа следува прилогот „Опозициските телевизии емитуваат спот на „невладините" на Сорос со политички пораки. Ад-хок телото бара да престанат со прекршувањата" (1 минута и 43 секунди) во кој, на темата, има изјава од членот на Комисијата Цветин Чилиманов.

Нареден е коментаторскиот извештај со негативен тон и рамка за Зоран Заев и СДСМ, „Дали СДСМ ја злоупотреби администрацијата? Општинарите во работно време на снимање промотивен предизборен спот за Заев" (2 минути и 34 секунди). Во прилогот се наведува дека со наредба „100-тина вработени во локалната самоуправа биле принудени да учествуваат во партиски цели... за скандалот да биде уште поголем, не само вработените во Општината, туку и наставниците во основните и средните училишта, не куртулиле од партиските притисоци во Струмица". Се вели дека луѓето се „револтирани од ваквиот однос на СДСМ кон нив", но зборуваат зад камера зашто стравуваат да не го загубат работното место. Како илустрација се користат снимки со луѓе кои се движат во колона и стојат до возила. Се цитираат одредби од закони и кодекс за тоа дека административните службеници не смеат да учествуваат во политички активности во текот на работното време. Кон крајот на прилогот се вели дека „на лице место биле

забележани и возила со српски регистарски таблички, но нема потврда дали станува збор за соработниците на Заев од ПР агенцијата „Раскин и Хант", популарно наречени сеачи на скапа магла".

Подолу се емитува демант од СЈО „Специјалната обвинителка Јанева тврди: Не сум член на СДСМ" (1 минута и 1 секунда) во кој, се пренесува информацијата од обвинителката Јанева дека не е членка на СДСМ. Потоа се потсетува дека „Вечер" објавил уплатница за која се тврди дека е уплата од обвинителката за членство во партијата, и се коментира дека таа демантира „иако по објавувањето на уплатницата, потписот и личните податоци се совпаѓаат со оние кои ги користи обвинителката во официјалните документи на СЈО". Се наведува и оти Обвинителството, со 24-часовно задоцнување демантирало и кога „Дневник" објавил членска книшка во СДСМ за која се тврдеше дека е на Јанева.

Во вестите од 16 ноември се емитува коментаторски извештај „Струмичката администрација и денеска е ангажирана за снимање на промотивен спот за лидерот на СДСМ, Зоран Заев" (1 минута и 57 секунди), со кој во низа, со негативна рамка, се следи темата за учеството на струмичката администрација во снимање рекламен спот за Зоран Заев. Се вели дека Заев, иако тоа е забрането, во работно време, „100-тина вработени од Општината ги извади надвор за да ги реализира своите партиски активности". ТВ Алфа за ова побарала став од Министерството за администрација и информатичко општество и во прилогот се пренесува добиеното соопштение.

Се емитува и осврт „Гласачите немаат голема доверба во жените политичари" (2 минути и 31 секунда) за тоа дека има само четири жени носителки на листите и дека анкетите покажуваат оти граѓаните сè уште немаат доверба во политичарките. Кон родовата анализа придонесува и експертскиот став на социологот Татјана Стојановска Иванова.

Во извештајот „Панчевски гледа политички мотиви во нападот на портпаролката на ОСС1", се пренесува изјавата на претседателот на Судот Панчевски за „Телеграф", во врска со случајот кога раководител на сектор во Судот ја нападнал портпаролката. Се коментира дека напаѓачот бил близок до СДСМ и учествувал на протести „во први редови", што се илустрира со фотографија на која таа личност е заокружена со црвено, односно има негативна рамка за СДСМ.

Нешто подоцна се пренесува преземен/симулиран коментар „Вечер: Партиски другар на Заев прави милиони преку струмичкиот гас" (2 минути и 15 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Во прилогот се наведува дека во Струмица, гас се набавува од фирма чиј газда е претседател на Комисија за енергетика на СДСМ Митко Андреевски. Според пренесениот напис „освен партиската поврзаност и злоупотребата на службената должност од функционерите во Општина Струмица за партиски цели, гасот, кој Јавното претпријатие „Струмица гас" му го плаќа на партискиот другар на Заев, е двојно поскап од сите други во државата. Со тоа „Струмица гас" му овозможува на „Си Ен Џи Системс" да остварува милионски профит кој потоа може да претпоставиме за кои намени и меѓу кои луѓе се дели". Се наведува дека Заев снимил видео со кое гасификацијата на Струмица го користи за предизборни цели. Се прави споредба на цената по која гасот го набавува „Струмица гас" и дека таа е повисока отколку сумата за која гасот го набавува ЕЛЕМ со заклучок дека „Струмица гас" и „Си Ен Џи Системс" „заработуваат двојно на грбот на сите струмичани со прескапиот гас за кој велат дека им поевтини животот, а всушност им е прескап зашто не само што плаќаат поскап гас од сите други во Македонија туку и гасот им е поскап од струјата".

На 17 ноември се емитува коментарот „Вработени во Паркинзи Општина Центар делат пропаганден материјал?!" (1 минута и 50 секунди) за фотографии кои се појавиле на интернет и за кои се тврди дека прикажуваат како вработени во ПОЦ делат пропаганден материјал од СДСМ, со негативна рамка за СДСМ. Прилогот почнува со тврдењето дека „СДСМ повторно ја злоупотребува јавната администрација за свои цели". Се тврди дека на фотографиите „јасно се гледа" оти вработените на ПОЦ оставаат известувања за партиски настани и се тврди дека иако тоа е забрането во работно време, „вработените делеа партиски известувања". Медиумот вели дека СДСМ нема став за ова наведувајќи притоа дека портпаролот не сакал да коментира зашто „според него станувало збор за монтиран случај". Директорот на ПОЦ пак, во писмено соопштение рекол дека ќе се провери вистинитоста. Потоа прилогот продолжува „ова не е првпат најголемата опозициска партија да ги злоупотребува вработените во јавната администрација" по што се

потсетува на снимањето спот во Струмица и на реакцијата од Министерството за администрација и информатичко општество.

Подоцна има коментаторски извештај "„Си-Ен-Џи системс": цената на гасот во Струмица не е поскапена" (1 минута и 52 секунди) во кој се пренесува писмениот демант од Митко Андреевски, директор на „Си-Ен-Џи системс" на тврдењата објавени претходниот ден, а потоа во прилогот се повторува она што е демантирано: „Инаку дневниот весник „Вечер" веќе објави дека освен партиската поврзаност и злоупотребата на службената должност од функционерите во Општина Струмица за партиски цели, гасот, кој јавното претпријатија „Струмица гас" му го плаќа на Митко Андреевски е двојно поскап од сите други во државата. Со тоа „Струмица гас" му овозможува на „Си Ен Џи Системс" да остварува милионски профит кој потоа може да претпоставиме за кои намени и меѓу кои луѓе се дели". Потоа се наведуваат и другите делови од написот во „Вечер", од претходниот ден.

На 18 ноември, има коментар „Тема: Заложбите на Заев за двојазичност наспротив Уставот и рамковниот договор", со негативна рамка за Зоран Заев и СДСМ. Прилогот почнува со ставот на универзитетскиот професор Владо Поповски за Уставот на Република Македонија пред и по промените. Во контекст на изјавите на Зоран Заев пред дијаспората во Берн, Швајцарија во врска со тоа дека „Рамковниот договор не е доволен да се регулираат правата на Албанците и оти земјава е единствениот виновник за меѓусоседските односи, Поповски навел дека во Амандманот 5 од Уставот веќе е предвидена службеност на албанскиот јазик на територијата на целата држава. Потоа се наведува дека според „упатените" овие изјави „сериозно ги поткопуваат националните интереси, велат – во трката да обезбеди што повеќе гласови, Заев остана на истите идеи – воведување на двојазичноста на територијата на целата држава, но додаде и промена на Рамковниот договор и менување на Уставот". Се пренесува и негативната изјава од Стевче Јакимовски од ГРОМ, по што медиумот, повикувајќи се на аналитичари и на познавачи, вели дека Заев треба да биде свесен оти менувањето на Уставот ќе биде „газење на сите жртви кои го дале животот за Македонија низ историјата".

Во коментаторскиот извештај „СЈО истражува „Таргет" на УБК, за ВМРО ДПМНЕ Јанева одработува за СДСМ" (2 минути и 48 секунди) се коментира дека прес-конференцијата на СЈО е одржана на три дена пред почетокот на изборната кампања. Известувањето се концентрира на неколку прашања: како СЈО ја објаснува разликата во бројноста на прислушкуваните телефонски броеви што ја објавува и оние што ги добило од Заев? СЈО потврдило оти прислушуваните разговори на Заев му ги дало лице вработено во УБК и како ова може да влијае врз случајот „Пуч"? За објаснување се емитуваат изјави од обвинителката Ленче Ристовска. Потоа се пренесува реакцијата од ВМРО ДПМНЕ дека Зоран Заев ја најавил оваа прес-конференција на Обвинителството во „Фокус" (се цитира изјавата на Заев од неделникот). Се сопоставуваат наводите од СЈО за тоа дека не бил прислушкуван претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски и ставовите на оваа тема од соопштението на ВМРО ДПМНЕ. По завршувањето на прилогот, се пренесува и реакцијата на СДСМ, која пристигнала во Телевизијата попладнето (46 секунди).

На 19 ноември, ТВ Алфа уште еднаш, со негативен тон и рамка за Зоран Заев, ја реактуелизира темата за неговото обраќање пред дијаспората во Швајцарија во коментарот „Тема: Експерти – двојазичноста би довела до федерализација" (3 минути и 59 секунди). Во почетокот на прилогот се вели - да се откажеме од името, идентитетот, да се зборува јазик кој не е македонски „значи да се избрише Македонија од картата на европските земји, велат историчарите коментирајќи ги плановите на претседателот на СДСМ Зоран Заев за воведување на двојазичност на територијата на целата држава, но и менување на Уставот и проширување на Рамковниот договор". Се емитува изјавата на професорката Виолета Ачковска дека суштината на изјавата на Заев за „редефинирање и федерализација" е да исчезнеме и да немаме никаков национален атрибут (држава, јазик, црква); „ужасна една антимакедонска изјава, против сопствениот народ, против сопствената држава". Медиумот вели дека Заев со изјавите во Берн ја отворил Пандорината кутија и пак се емитува изјавата стара неколку дена.

На 20 ноември, во уште еден коментар со негативна рамка за СДСМ, се реактуелизира изјавата на Зоран Заев дадена пред повеќе дена во Швајцарија. Означен со телопот „Тема: Дијаспората против најавите

за двојазичност" (4 минути и 9 секунди), прилогот почнува со пренесување на соопштенијата од повеќе здруженија на Македонците од дијаспората (Македонска заедница од Перт, Македонско сонце од Флорида, Македонците од Аделаида и Јужна Австралија). Потоа, се вели дека граѓаните во Македонија велат оти на изборите довербата ќе ја добијат програмите кои нудат просперитет на Македонија „но во никој случај програмите кои ќе ги нарушат националните интереси". Следува анкета со граѓани Македонци со негативни ставови, и со Албанци со позитивни ставови. Потоа медиумот коментира - „Зоран Заев пред албанските иселеници отворено ја искритикува Македонија и застана во одбрана на Косово, Бугарија, Грција, Бугарија и Србија. Нагласи дека не можело сите тие да не се во право, односно потенцираше дека грешката била во Македонија", по што се емитува изјавата на Заев од Берн. На крајот се потсетува дека Заев „досега неколкупати јавно говореше за воведувањето на двојазичноста, па беа отворени и двојазични партиски штабови, а соопштенијата од партијата се испраќаат и на македонски и на албански јазик".

Наредниот прилог е нова реакција „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ призна дека федерализацијата е предизборен проект" (1 минута и 4 секунди) со изјава на Тони Трајковски. Таа се однесува на соопштение од СДСМ кое Телевизијата не го објавува.

Следува пренесена колумна на американскиот генерал Роналд Џонсон „Американски генерал: Победата на Груевски во услов за поблиска соработка" (1 минута и 17 секунди) со позитивен тон и рамка за Никола Груевски.

Подолу во вестите се емитува коментаторски извештај „Сомнеж за злоупотреба на службени возила на МТСП" (53 секунди) со негативна рамка за Министерството за труд и социјална политика и министерката Фросина Ташевска-Ременски. Во него се наведува дека „на интернет се појавиле документи и фотографии според кои службеник во Кабинетот на техничката министерка користел автомобил за приватни потреби и цели. Прикажани се слики од возило за кои се вели дека докажуваат оти тоа е користено надвор од работното време, при што се наведува „возилото е забележано и пред партиските штабови на СДСМ".

Во одвоен прилог, се емитува демантот од техничката министерка Ташевска – Ременски (28 секунди).

***Сектор за програмски работи***